РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-855/6

27-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-855/1 од 23.02.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-855 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-855/1 од 23.02.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи со кои од формално правен и материјално суштински аспект се побива одобрението за градење /// на ///, на ///. Подносителот ја поднесува пријавата во својство на непосреден сосед и исткнува дека против претходно означеното одбрение за градење вложил жалба до Министерство за транспорт и врски. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се фотографии како докази.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации и документација од /// и од Министерство за

транспорт и врски, на што доследно беше постапено и доставено се' што беше побарано.

Врз основа на расположливите документи ДКСК утврди дека во конкретниот случај оспорениот акт од пријавата бил поништен со второстепена одлука на Министерство за транспорт и врски и предметот со дадени напатствија што треба да се направи во повторената постапка бил вратен на повторно постапување и одлучување пред ///.

Согласно горе наведеното, ДКСК утврди дека по наводите од пријавата на подносителот, постапил друг надлежен орган, заради што ДКСК нема основ да покренува било какво дејствие од нејзина законска надлежност, по што оцени дека постапувањето по пријавата треба да се запре и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:

- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.